Врз основа на член 73 став (1) точка 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Александар Тасковски од Битола УП2 09-190/26 од 14 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_13_20260313_141 од 25.03.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_13_20260313_141 од 25.03.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Александар Тасковски од Битола до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-190/26 од 14 април 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. УП1 бр. NCC_13_20260313_141 од 25.03.2026 година, издадено поради непостоење на технички услови за приклучок и некомплетна документација за приклучок на пумпа за вода.

Според Електродистрибуција – парцелата е во УПС од с. Нижеполе и на парцелата веќе има објект, а се бара приклучок со документација за пумпа наводнување.

Трафостаницата ТС Вили Попрц е преоптоварена и отпочната е постапка за реконструкција.

Потребно е да се урбанизираат повеќе парцели кои дел не се од УПС Нижеполе и значи дека УП ќе се аплицира по УП - член 58 став 6 (2020), односно подолгата постапка.

Засегнати се и ЈПДП и РМ води што дополнително ќе ја одолговлечи постапката.

Нисконапонскиот извод кој гравитира до КП на барателот е долг и на крајот не ги задоволува напонските критериуми. На крајот од овој извод се одбивани повеќе баратели и се чека некој од сопствениците на КП да добие одобрение за градење со вцртана маркица за ТС и со изградбата на новата ТС би се преземале дел од корисниците од НН извод на кој би требало да се приклучи. барателот. Со Решение за согласност за приклучување на пумпа за вода не може да се доградува или реконструира постоечката НН мрежа.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 14 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-190/26 од 14 април 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и и дополнителни докази од ЕВН од 15 април 2026 година со прилог:

- Имотен лист
- Слики од нисконапонската мрежа
- Извештај за оптоварување на трафостаница
- Изјава за согласност од сосопственик наведен во имотен лист
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- GIS скица
- Потврда од АД Водостопанство на РСМ дека на предметната КП нема водоводна инсталација

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно член 31 став (1) точка 2) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на РСМ' бр. 191/19, 101/22, 68/24 и 106/25) (понатаму: Мрежни правила), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа преку електронската платформа, на корисничкиот профил на барателот во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–190/26**
**8 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**